Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јули 2022 година**

**Скопје, јули 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јули 2022 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи помеѓу заедниците.

На седницата присуствуваа: м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, м-р Васко Ковачевски, директор за АД Електрани на Северна Македонија и м-р Марко Бислимоски, претседател на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 45-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 мај 2022 година

-Усвојување на Записникот од 55-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2022 година

-Усвојување на Записникот од 56-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2022 година

-Усвојување на Записникот од 57-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2022 година

-Усвојување на Записникот од 58-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2022 година

-Усвојување на Записникот од 59-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 јули 2022 година

Пред предминување на Дневен ред

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година-31 декември 2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

  -Информација за потребата за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија во насока на исполнување на препораките од петтиот круг на евалуацијата на ГРЕКО и зголемување на транспарентноста

  -Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупцијата за 2021 година, со Извештај за бројот на поднесени пријави/поплаки до Електронскиот систем за поднесување на електронски пријави и поплаки поврзани со услугите кон јавната администрација и нивниот статус на решавање за период од 11 март 2022 година до 20 јуни 2022 година

  -Информација за степенот на исполнување и реализација на мерките и активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акциски план за нејзино спроведување на Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на институциите во врска со предложените нови рокови

1. Информација за „Иницијативата за доделување градежно земјиште во Скопје, со цел изградба на објект со намена Центар за обука за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување, со поддршка на Соединетите Американски Држави“

2. Информација за право на користење погодности за даночни ослободувања и олеснувања од плаќање на данок на добивка на Друштвото за производство, трговија и услуги Кемет електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје

3. Информација за Планот на мерки и активности за доследно спроведување на Законот за заштита од пушењето и санкционирање на пушењето во јавни простории, со Акциски план

4. Информација за состојбите и потребите од подобрување на Системот за управување со кризи во делот на справување со пожари на отворен простор

5. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности

6. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Штип

7. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Аеродром

8. Годишна сметка за периодот 1.1.2021-31.12.2021 година, Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за 2021 година, со Извештај од независниот ревизор, со предлог-одлуки и дополнување

9. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на нето добивката за деловната 2021 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2021 година

10. Годишна сметка, финансиски извештаи и Годишен извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино за 2021 година, со Извештај на независните ревизори и предлог-одлуки

11. Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2021 година, со Предлог-одлука

12. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со предлог-одлуки

13. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово

14. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Чешиново-Облешево и Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Чешиново-Облешево

15. Барање за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Пехчево, со Предлог-одлука

16. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште

17. Информација за начинот на склучување на колективниот договор и за правата овозможени со колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

18. Извештај за изршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Паладиум интернешнел ЛЛЦ Скопје, имплементатор на Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем, со усогласен текст на Меморандум

19. Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Битола, Охрид, Ресен и Кичево, со Предлог-решение

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км. 12 + 140,00 до км. 14+240,00, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на с.Аџиевци, КО Велебрдо, КО Аџиевци и КО Ростуше , Општина Маврово и Ростуше, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на населено место Јакреново, КО Јакреново, Општина Крушево, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Босилово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Босилово, КО Босилово-вонград, Општина Босилово, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Шишево за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура, КО Шишево и КО Шишево-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Грчец за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура, КО Шишево, Општина Сарај, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Агроплантатион ДООЕЛ увоз-извоз, Гевгелија, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Тошко Петров, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука

28. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари-преносни компјутери модел Lenovo Tink-Pad E560 и статични компјутери модел Lenovo Tink-Centar E73 на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука

29. Информација за прогрес по однос на препораките на Бернска конвенција, со Извештај за напредокот во врска со имплементација на препораките на Бернска конвенција бр.211 (2021)

30. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекална канализациска мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај

31. Предлог-одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите

32. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

33. Информација во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метални минерални суровини на локалитетот „Шопур", Општина Радовиш и Општина Штип на Друштвото за трговија и услуги Вардар ресоурцес интернационал ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

34. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-доломитски мермер на локалитетот „Сушички Мост", Општина Гостивар

35. Предлог-одлука за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Добарски Жеден", Општина Желино со концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Добарски Жеден", Општина Желино на Друштвото за производство, инженеринг, промет и услуги Макаљб компани ДОО експорт-импорт Скопје

36. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-травертин на локалитетот ,,Поличе", Општина Прилеп

37. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на Трговското друштво за експлоатација на природен камен Бианко Хераклеа ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Самарница-2" с.Небрегово, Општина Долнени и Општина Прилеп

38. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Кромберг & Шуберт Македонија Бт ДООЕЛ Битола

39. Информација за повеќегодишна јавна набавка на стока-софтверски лиценци за виртуелна платформа

40. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан

41. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување-Скопје

42. Предлог-решение за изменување на Решението за назначување претседател, заменик-претседател, членови, заменици-членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план

43. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести (*)

44. Информација за добивање согласност за отпочнување на постапка за јавна набавка на немедицинска опрема за потребите на ЈЗУ Психијатриска болница Бардовци со повеќегодишно плаќање

45. Информација за утврдување на Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со Предлог -кодекс

46. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

47. Предлог на закон за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

48.Предлог на закон за изменување на Законот за акцизите, по итна постапка, поднесен од група пратеници

49. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по итна постапка,поднесен од група пратеници

50. Предлог на закон за дополнување на Законот за стоковните резерви, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

51. Програма за работа за 2022 година, Годишен извештај за реализирани активности за 2021 година и Извештај за финансиско работење со графички приказ за 2021 година на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

52. Барање за давање на автентично толкување на член 40 став 2 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија“ бр.81/05), поднесено од градоначалникот на Општина Центар

53. Барање за давање на автентично толкување на член 41 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), поднесено од претседателот на Советот на Општина Битола

54. Барање за давање на автентично толкување на член 44 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), поднесено од градоначалникот на Општина Велес

55. Барање за давање на автентично толкување на член 123 точки 1 и 2 од Законот за водите, а во врска со член 6 точки 2 и 3 од Законот за водостопанство, поднесено од градоначалникот на Општина Струга

56. Информација на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за доделена државна помош за периодот јануари-декември 2021 година

57. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.47/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 22 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2013)

58. Иницијатива поднесена од Александра Илиева-Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.48/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 во делот „на оваа уредба“, член 2 ставови 1, 2 и 3 во делот „на оваа уредба“ од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.84/2022)

59. Информација со предлог за преземање мерки за решавање на проблемите со кои се соочуваат неевидентираните лица во матичната книга на родените, а во врска со неможноста да ги остваруваат правата утврдени во Законот за неевидентирани лица во матична книга на родените

60. Понуда од нотар Данче Шеримова од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10338, за КО Доброшинци-Вонград на КП бр.851, викано место/улица Црвенка

61. Понуда од нотар Лорија Ваневска од Куманово за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 76602, за КО Куманово, на КП број 20294, викано место/улица Моша Пијаде

62. Понуда од нотар Симона Николиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 1850 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр. 7191 викано место/улица Вангел Дину, Имотен лист бр. 3206 за Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.7183 викано место/улица Корушка и Имотен лист бр. 104140 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр. 7192/3 викано место/улица Вангел Дину

63. Понуда од нотар Армир Садику од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 103942, за КО Тетово 2, на КП бр. 4829, викано место/улица Град Тетово

64. Понуда од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.209 за КО Бардовци на КП бр.1655

65. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.1915, КП бр. 20/1, Имотен лист бр.960218, КП бр.

18/1, Имотен лист бр.65012, КП бр.121/2, Имотен лист бр.15011, КП бр.119/2 и Имотен лист бр.958523, КП бр.17/2 за КО Чаир, викано место Чаир

66. Известување од извршител Катерина Кокина од Скопје, под И.бр.1183/2022 за Налог за извршување врз недвижност запишана во Имотен лист бр. 7636, КО Кисела Вода 2, КП бр.1711 и Имотен лист бр. 3448, КО Карпош, КП бр.3620

67. Кадровски прашања

68. Прашања и предлози

69. Информација за прогресот во модернизација на ИТ системи во Министерството за внатрешни работи, како предуслов за размена на веб сервиси, за период од мај 2019 до мај 2022 година

70. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување бесправна сеча на шуми во период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година

71. Годишен извештај за 2021 година на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

72. Информација за спроведен надзор над работата на општините за спроведување на законите од областа на животната средина во 2021 година, со дадени препораки за подобрување заради заштита на животната средина

73. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола (Сметка за средства од Фондот 737 и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)

74. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претријатие Службен весник на Република Северна Македонија за периодот јануари-март 2022 година

75. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година

76. Тримесечен извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за периодот јануари-март 2022 година

77. Извештај за работа на Институт за стандардизација на Република Северна Македонија за 2021 година

78. Извештај за реализација на одобрени средства согласно Одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, бр. 41-3162/1 од 5 април 2022 година

79. Информација за основање на трговски друштва: Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност производство на топлинска енергија, Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност снабдување со топлинска енергија за подрачјето на Град Скопје и основање на Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за подрачјето на градот Битола, Новаци и Могила, чиј основач и единствен содружник ќе биде АД ЕСМ-Скопје

80. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка-царинската стапка за увоз на масло од сончоглед за јадење

81. Предлог-одлука за ограничување на извозот на одделни стоки

82. Информација за исплата на пензии за јуни 2022 година

83. Информација за престанување на Лиценцата за снабдување со топлинска енергија и предлог неопходни мерки за обезбедување на јавна услуга, снабдување со топлинска енергија, согласно член 51 став ( 1 ) од Законот за енергетика (*)

84. Информација за престанување на Лиценцата за производство на топлинска енергија и предлог неопходни мерки за обезбедување на јавна услуга, согласно член 51 став (1) од Законот за енергетика (*)

85. Известување од Надзорниот одбор на М-НАВ АД Скопје за голема зделка, со прилози и Предлог-одлука

86. Информација за статусот на имплементација на ИПА проектите предвидени со Акциската програма за образование, вработување и социјална политика 2017 година, како и за потребата од зајакнување на капацитетите на ИПА структурата во Министерството за образование и наука

87. Информација со Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот за објектите на граничен премин Клепало кои се наоѓаат на КП бр. 12948, КП бр. 12954 и КП бр.12955 во КО Берово-вон град

88. Информација во врска со движењето на цената на природниот гас и влијанието врз цената на топлинската енергија за греење во градот Скопје

89. Информација за преземени активности согласно задолжението од Педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 5 јули 2022 година, Државното правобранителство на Република Северна Македонија заедно со Министерството за финансии да ги преземат потребните активности согласно закон, за запирање, одлагање, прекин или повлекување на Барањето за извршување против заложниот должник Веве гроуп-Скопје, до завршување на судската постапка по тужбата на заложниот должник Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги Веве гроуп ДОО Скопје

90. Информација за престанување на Лиценцата за дистрибуција на топлинска енергија и предлог неопходните предлог-мерки за обезбедување на јавната услуга, дистрибуција на топлинска енергија, согласно член 51 став (1) од Законот за енергетика (*)

91. Предлог-одлука за ограничување на извозот на одделни стоки

92. Информација во врска склучување на договори за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со Еко тера ДОО Скопје

93. Информација за исплата на пензии за јули 2022 година

94. Информација за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање -Петти чекор во процесот во 2022 година

95. Информација за потребата од донесување на План за изменување на Годишниот план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2022 година, со Предлог-планот за изменување на Годишниот план

96. Информација за преземените активности во врска со сторијата на Истражувачката лабораторија, емитувана на програмата на Македонската телевизија на 17 јули 2022 година

97. Информација за проблемите со водоснабдување на населените места приклучени на кракот кон РЕК Осломеј бр.03-1131/1 од 18.7.2022 година.

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 45-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 мај 2022 година, Записникот од 55-та седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2022 година, Записникот од 56-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2022 година, Записникот од 57-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2022 година, Записникот од 58-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2022 година и Записникот од 59-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 јули 2022 година.

*

*        *

Пред преминување на Дневен ред

**Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година-31 декември 2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година-31 декември 2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година и притоа заклучи:

1. Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2022-31.12.2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член 11 став (2), член 20 став (10), член 24 и член 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да достави известување со предлог на закони кои треба да бидат дел од Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година-31 декември 2022 година, а Министерството за транспорт и врски да достави конкретни рокови за следните закони:

- Предлог на закон за основање на Агенција за регулирање на железничкиот сектор;

- Предлог на закон за железничкиот систем;

- Предлог на закон за интероперабилност во железничкиот систем;

- Предлог на закон за основање на Агенција за истражување на несреќи во воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај;

- Предлог на закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем и

- Предлог на закон за безбедност во железничкиот систем, предвидени во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година-31 декември 2022 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

**Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција**

- **Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупцијата за 2021 година, со Извештај за бројот на поднесени пријави/поплаки до Електронскиот систем за поднесување на електронски пријави и поплаки поврзани со услугите кон јавната администрација и нивниот статус на решавање за период од 11 март 2022 година до 20 јуни 2022 година**

  Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупцијата за 2021 година, со Извештај за бројот на поднесени пријави/поплаки до Електронскиот систем за поднесување на електронски пријави и поплаки поврзани со услугите кон јавната администрација и нивниот статус на решавање за период од 11 март 2022 година до 20 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

- **Информацијата за степенот на исполнување и реализација на мерките и активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акциски план за нејзино спроведување**

**на Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на институциите во врска со предложените нови рокови во врска со предложените нови рокови**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на исполнување и реализација на мерките и активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акциски план за нејзино спроведување на Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на институциите во врска со предложените нови рокови во врска со предложените нови рокови, ја усвои Информацијата и ги задолжи сите органи на државната управа и им се укажа на институциите кои немаат статус на органи на државна управа во рок од 14 дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задожен за политики на добро владеење да достават извештај за преземени активности за исполнување и реализација на мерките и активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акциски план за нејзино спроведување на Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно новите предложени рокови.

- **Информацијата за потребата за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија во насока на исполнување на препораките од петтиот круг на евалуацијата на ГРЕКО и зголемување на транспарентност**

  Владата ја разгледа Информацијата за потребата за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија во насока на исполнување на препораките од петтиот круг на евалуацијата на ГРЕКО и зголемување на транспарентност, ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија при првата наредна измена на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија соодветно да ги вгради препопраките од Петтиот круг на евалуација на ГРЕКО за Северна Македонија наведени во Информацијата.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за „Иницијативата за доделување градежно земјиште во Скопје, со цел изградба на објект со намена Центар за обука за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување, со поддршка на Соединетите Американски Држави“.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за право на користење погодности за даночни ослободувања и олеснувања од плаќање на данок на добивка на Друштвото за производство, трговија и услуги Кемет електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија да ги има предвид доставените податоци од Управата за јавни приходи, согласно одредбите од Законот за технолошки индустриски развојни зони, а кои се однесуваат на дадени даночни ослободувања по основ на данок на добивка, имајќи го предвид Решението за започнување со работа донесено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за Планот на мерки и активности за доследно спроведување на Законот за заштита од пушењето и санкционирање на пушењето во јавни простории, со Акциски план, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбите и потребите од подобрување на Системот за управување со кризи во делот на справување со пожари на отворен простор и заклучи истата да се разгледа на Управувачкиот комитет, за координација и управување во Системот за управување со кризи.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Аеродром, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата по Годишната сметка за периодот 1.1.2021-31.12.2021 година, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за 2021 година, со Извештај од независниот ревизор, со предлог-одлуки и дополнување ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на нето добивката за деловната 2021 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино за 2021 година, со Извештај на независните ревизори и предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2021 година, во предложениот текст.
2. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2021 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2021 година (Небојша Стојановиќ), во предложениот текст.

4. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2021 година (Билјана Петроска-Мантева), во предложениот текст.

5. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2021 година (Игор Бојаџиев), во предложениот текст.

6. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2021 година (Јане Стоименов), во предложениот текст.

7. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2021 година (Никола Ангеловски), во предложениот текст.

8. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2021 година (Елена Данева), во предложениот текст.

9. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во

државна сопственост, Неготино за 2021 година (Трајче Крстевски), во предложениот текст.

10. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2021 година (Андријан Ташковски), во предложениот текст.

11. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2021 година (Јордан Шијаков), во предложениот текст.

12. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2021 година (Блаже Димов), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2021 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Гимназија „Никола Карев“ Ц.О. Скопје), во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“-Скопје), во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Гимназија „Јосип Броз Тито“-Скопје), во предложениот текст.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно електротехничко училиште „Михајло Пупин“-Скопје), во предложениот текст.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски“-Скопје, во предложениот текст.

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Гимназија „Орце Николов“-Скопје), во предложениот текст.

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Кочо Рацин“-Скопје), во предложениот текст.

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Гимназија „Панче Арсовски“-Скопје), во предложениот текст.

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Георги Димитров“-Скопје), во предложениот текст.
10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно економско-правно училиште „Васил Антевски-Дрен“ Скопје), во предложениот текст.

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Марија Кири-Склодовска“ Скопје), во предложениот текст.

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Владо Тасевски“ Скопје), во предложениот текст.

13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Димитар Влахов“ Скопје), во предложениот текст.

14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Браќа Миладиновци“-Скопје), во предложениот текст.

15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно градежно гимназиско училиште „Здравко Цветковски“ Скопје), во предложениот текст.

16. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно економско и правно училиште „Арсени Јовков“ Скопје), во предложениот текст.

17. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Лазар Танев“ Скопје), во предложениот текст.

18. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште на Град Скопје енергетско-машински училишен центар „8 Септември“ Скопје), во предложениот текст.

19. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Цветан Димив“ Скопје), во предложениот текст.

20. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно медицинско училиште „д-р Панче Караѓозов“ Скопје), во предложениот текст.

21. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Зеф Љуш Марку“ Ц.О. Скопје), во предложениот текст.

22. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Сарај“ Скопје), во предложениот текст.

23. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (Средно училиште „Шаип Јусуфи“ Скопје), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ги разгледа најновите текстови на Предлог-одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Чешиново-Облешево и Предлог-одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Чешиново-Облешево и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Чешиново-Облешево, во предложениот текст.

2. По влегувањето во сила на Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Чешиново-Облешево, и по бришењето на корисничкото право на недвижната ствар на Општина Чешиново-Облешево, на првата наредна редовна седница, Владата да го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Чешиново-Облешево.

**Точка 15**

Владата по Барањето за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Пехчево, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Пехчево, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на склучување на колективниот договор и за правата овозможени со колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Државниот инспекторат за труд да изврши надзор над законитоста на постапката за склучување на Колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, склучен на 12.2.2021 година и на Колективниот договор за вработените во Министерството за култура, склучен на 30.12.2019 година и во рок од една недела, до Владата да го достави извештајот од спроведениот надзор.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи согласно извештајот од надзорот на Државниот инспекторат за труд.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена, до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со кој ќе се уредат платите на шумската полиција во рамки на

обезбедените средства за таа намена во буџетот на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за изршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Паладиум интернешнел ЛЛЦ Скопје, имплементатор на Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем, со усогласен текст на Меморандум и го прифати Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Паладиум интернешнел ЛЛЦ Скопје, имплементатор на Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем.

2. Се овластува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Паладиум Интернешнел ЛЛЦ Скопје, имплементатор на Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Битола, Охрид, Ресен и Кичево, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км. 12 + 140,00 до км. 14+240,00, со Предлог-одлука, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да достави информација дали земјоделското земјиште во приватна сопственост во КО Катлановска Сушица е дадено под закуп, согласно усното укажување на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на с.Аџиевци, КО Велебрдо, КО Аџиевци и КО Ростуше, Општина Маврово и Ростуше, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на

с.Аџиевци, КО Велебрдо, КО Аџиевци и КО Ростуше, Општина Маврово и Ростуше, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на населено место Јакреново, КО Јакреново Општина Крушево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на населено место Јакреново, КО Јакреново, Општина Крушево, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Босилово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Босилово, КО Босилово-вонград, Општина Босилово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Босилово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Босилово, КО Босилово-вонград, Општина Босилово, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Шишево за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура, КО Шишево и КО Шишево-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Шишево за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура, КО Шишево и КО Шишево-вонград, Општина Сарај, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Грчец за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура, КО Шишево, Општина Сарај, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Грчец за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура, КО Шишево-вонград, Општина Сарај, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Агроплантатион ДООЕЛ увоз-извоз, Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Тошко Петров, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари-преносни компјутери модел Lenovo Tink-Pad E560 и статични компјутери модел Lenovo Tink-Centar E73 на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ги разгледа Информацијата за прогрес по однос на препораките на Бернска конвенција (најнов текст) и Извештајот за напредокот во врска со имплементација на препораките на Бернска конвенција бр.211 (2021) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за напредокот во врска со имплементација на препораките на Бернска конвенција бр.211 (2021).

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до Секретаријатот на Бернска конвенција да го достави Извештајот за напредокот во врска со имплементација на препораките на Бернска конвенција бр.211 (2021), најдоцна до 30 август 2022 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна до 30 август 2022 година да формира работна група за следење и имплементирање на препораките од Бернска конвенција од следниве институции: Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерство за надворешни работи, Министерство за култура, Јавна установа Национален парк „Маврово“-Маврови Анови, Јавна установа Национален парк „Галичица“-Охрид, Општина Маврово и Ростуше, Општина Охрид, Општина Струга, Општина Дебрца, Општина Ресен и Хидробиолошки иниститут-Охрид.

4. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за култура, а се укажува на Јавна установа Национален парк „Маврово“-Маврови Анови, Јавна установа Национален парк „Галичица“-Охрид, Општина Маврово и Ростуше, Општина Охрид,

Општина Струга, Општина Дебрца, Општина Ресен и Хидробиолошки иниститут-Охрид, најдоцна до 20 август 2022 година да номинираат по еден претставник во работната група за следење и имплементирање на препораките на Бернската конвенција.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го координира процесот за активности за Бернска конвенција и да ја информира Владата на секои шест месеци за прогресот на активности за имплементација на Бернска конвенција.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекална канализациска мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се дава согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за транспорт и врски, за Изградба на фекална канализациска мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај, во вкупна вредност од 79,4 милиони денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2022 година-средства во износ од 4,8 милиони денари со вклучен ДДВ;
- 2023 година-средства во износ од 35 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2024 година-средства во износ од 39,6 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста за давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Шопур“ Општина Радовиш и Општина Штип на Друштвото за трговија и услуги Вардар ресоурцес интернационал ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Шопур“ Општина Радовиш и Општина

Штип на Друштвото за трговија и услуги Вардар ресоурцес интернационал ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-доломитски мермер на локалитетот „Сушички Мост“ Општина Гостивар, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Државниот инспекторат за техничка инспекција да изврши вонреден инспекциски надзор на концесиите доделени во регионот на Општина Гостивар, имајќи предвид дека се пристигнати повеќе поплаки од граѓаните на Општина Гостивар.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Добарски Жеден“, Општина Желино со концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Добарски Жеден“, Општина Желино на Друштвото за производство, инженеринг, промет и услуги Макаљб компани ДОО експорт-импорт Скопје, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-травертин на локалитетот ,,Поличе“, Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на Трговското друштво за експлоатација на природен камен Бианко Хераклеа ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот ,,Самарница-2“ с.Небрегово, Општина Долнени и Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Кромберг & Шуберт Македонија Бт ДООЕЛ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од два дена, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за планирано доделување на државна помош согласно предложениот Договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија Кромберг & Шуберт Македонија Бт ДООЕЛ.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во рок од два дена по добивањето на соодветен акт за оценка на државната помош, односно решение за оцена на помош од Комисијата за заштита на конкуренцијата да ја информира Владата и да го достави Договорот за државна помош.

**Точка 39**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за повеќегодишна јавна набавка на стока-софтверски лиценци за виртуелна платформа, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ" во Република Либан (нов текст), ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување Скопје, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за назначување претседател, заменик-претседател, членови, заменици-членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести (*), го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Беким Сали, министер за здравство и доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Јусуф Хасани, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за отпочнување на постапка за јавна набавка на немедицинска опрема за потребите на ЈЗУ Психијатриска болница Бардовци со повеќегодишно плаќање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за отпочнување на постапка за јавна набавка на стоки-немедицинска опрема за потребите на ЈЗУ Психијатриска болница Бардовци.

2. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2022 и 2023 буџетска година на Министерството за здравство за набавка во вкупна вредност од 10.000.000 денари без ДДВ, за набавка на стоки-немедицинска опрема со следната динамика на плаќање: Средства од Буџет на Република Северна Македонија, сметка 687, програма 1А:

- 5.000.000,00 денари за 2022 година
- 5.000.000,00 денари за 2023 година

3. Се задолжува Министерство за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 45**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за утврдување на Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со Предлог-кодекс, за наредната седница на Владата.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба се цени дека предложениот закон е поднесен од овластен предлагач.

Со оглед дека со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството се овозможува прецизирање на одредбите со кои ќе се регулира постапка во спорови заради утврдување и оспорување на татковство и мајчинство, во однос на законски предвидените подносители на тужбата и роковите за поднесување на тужба во овие постапки, Владата на Република Северна Македонија смета дека предложените одредби се во насока на овозможување на поефикасна и посеопфатна примена на одредбите кои ги регулираат овие постапки и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со предложеното дополнување на Законот се дава можност Јавната здравствена установа Здравствениот дом Скопје, покрај дејностите на Здравствен дом за подрачјето за кое е формиран, да може да врши и дејност за функционална проценка на деца и млади со засегната здравствена состојба до 26 години, во седиштето и во внатрешните организациони единици, како и на територијата на Република Северна

Македонија во стручни тела за функционална проценка на деца и млади со засегната здравствена состојба до 26 години во Струмица, Штип, Велес, Битола, Гостивар, Охрид и Куманово, за потребите на децата и младите за вклучување во предучилишни установи, во образовниот систем, како и остварување на правата од детска, социјална и здравствена заштита и вработување и поддршка на семејството.
Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

**Точка 48**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за акцизите, по итна постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесениот Предлог на закон се предлага намалување на висината на акцизата за 50% на бензинот и дизелот, а кај течниот нафтен гас за 100%.

Горенаведениот Предлог на закон е поднесен поради актуелната состојба во Украина, а има за цел да им се помогне на граѓаните и на компаниите.

Во однос на наведеното, се укажува во насока на ублажување на ценовниот шок предизвикан од континуираниот, забрзан раст на енергентите на светските берзи, реализирани се конкретни мерки со кои се амортизирале ефектите врз малопродажните цени на безоловниот бензин, гасното масло како погонско гориво и гасното масло како гориво за греење во земјата, а по отпочнувањето на воениот конфликт во Украина.

Имено, преземените мерки беа насочени кон заштита на животниот стандард на граѓаните, како и во насока на обезбедување на ликвидносна и финансиска поддршка на компаниите.

Во таа насока, Владата на Република Северна Македонија, го одложи воведувањето на еколошката такса за енергентите, при што истовремено се потсетува и на тоа дека во услови на енергетска криза, Владата има донесено повеќе сетови на економски мерки насочени кон поддршка на економијата.

Дополнително, се напоменува дека законски е регулиран основот со кој се овозможува соодветна интервенција, односно пресметување на намалување на акцизата кај безоловниот бензин, гасното масло како погонско гориво и гасното масло како гориво за греење во зависност од движењето, односно од висината на зголемувањето на цената на овие енергенти на светските берзи, доколку се утврди дека истото е неопходно.
Исто така, се укажува дека посветено се разгледани предложените измени на Законот за акцизите, при што Владата на Република Северна Македонија со особено внимание ги следи и врши проценка на актуелните состојби поврзани со пазарот со енергенти, така што неспорно е дека Владата на Република Северна Македонија одговорно ќе реагира и соодветно ќе предложи прифатливи мерки кои ќе треба да обезбедат таргетирана поддршка за најзагрозените целни групи и компании, кога за истото ќе оцени дека има потреба.

**Точка 49**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по итна постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 од Уставот на Република Северна Македонија, право да предлага донесување на закон, има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, се цени дека предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност е поднесен од овластен предлагач.

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага ослободување од данок на додадена вредност за прометот со производи за човечка исхрана до 31 декември 2022 година, намалување на висината на даночната стапка на данокот на додадена вредност од 18% на 5% за прометот со ветеринарни услуги, како и намалување на висината на даночната стапка на данокот на додадена вредност од 18% на 5% за прометот и увозот на енергенти до 31 декември 2022 година.

Во однос на наведеното во насока на амортизирање на ценовниот шок Владата во изминатиот период има пристапено кон реализација на одредени решенија (намалување на данокот на додадена вредност на прометот и увозот со енергенти и ослободување од данок на додадена вредност за прометот со основни производи за човечка исхрана), а со цел ублажување на ефектите од неконтролираниот, забрзан раст на цените на енергентите на светските берзи, како и цените на прехранбените производи.

Она што е потребно да се нагласи е дека законски е регулиран основот за интервенирање на пазарот преку намалување на данокот на додадена вредност, како за производите за човечка исхрана, така и за енергентите, доколку за истото од страна на Владата се оцени дека има потреба.

Министерството за финансии, во координација со останатите релевантни институции, тековно ги следи пазарните состојби од повеќе аспекти во сите сектори од економијата, особено од аспект на негативни влијанија, како резултат на порастот на цените на енергентите на светските берзи, врз порастот на цените на домашниот пазар и доколку се оцени за неопходно преземањето на определени мерки и активности, Министерството за финансии истите ќе ги предложи до Владата на понатамошно разгледување и одлучување.

**<u>Точка 50</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за стоковни резерви, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со член 1 од Предлог на законот за дополнување на Законот за стоковните резерви се предлага оризот да се додаде како култура која е производ од исклучителен интерес.

Оризот бил составен дел на стоковните резерви сè до 2004 година, меѓутоа во вид на оризова арпа, а не како бел ориз заради полесно чување. Со овој член не е прецизирано дали во стоковните резерви се предлага да се чува ориз или оризова арпа.

Со членовите 2 и 3 се вршат измени на постојните одредби во насока на реализација на измената што се предлага со членот 1, меѓутоа со едноставно додавање на оризот во член 8 од Законот за стоковните резерви, произлегува дека оризот можат да го чуваат и обновуваат складиштари кои поседуваат силоси за складирање на житни

култури со капацитет од најмалку 2.000 м3 по житна култура поединечно и имаат одобрение за пуштање во промет на прехранбени производи издадено од Дирекцијата за храна (сега Агенција за храна и ветеринарство). Се смета дека за оризот треба да важат посебни услови за складирање и обновување во зависност од тоа дали ќе се чува ориз или оризова арпа и може да се чува и во подни магацини и помали силоси, што треба да се прилагоди.

Тргнувајќи од ова, треба да се има предвид дека предложениот Закон ќе предизвика фискални импликации, односно ќе бидат потребни финансиски средства за набавка на оризот, како и за чување и обновување, кои Агенцијата за стоковни резерви ги нема обезбедено со тековните програми, при што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието да не го донесе Законот.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Програмата за работа за 2022 година, Годишниот извештај за реализирани активности за 2021 година и Извештајот за финансиското работење со графички приказ за 2021 година на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и притоа го утврди следното мислење:

По однос на Програмата за работа за 2022 година и Годишниот извештај за реализирани активности за 2021 година на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

Согласно Извештајот за финансиското работење со графички приказ за 2021 година на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во 2021 година остварил вкупни приходи во износ од 27.990.514 денари и вкупни расходи од 29.334.577 денари, односно забележал загуба во износ од 1.344.063 денари, поради што Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по истиот.

**Точка 52**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 40 став (2) од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија“ бр.81/05), поднесено од градоначалникот на Општина Центар и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно кој Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите, како и член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 91/08, 119/10 и 23/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19), според кој барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, народниот правобранител, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење и член 176 од Деловникот, согласно кој барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку законодавно-правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница. Според

истиот член од Деловникот, автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Во предметното барање за давање на автентично толкување се наведува дека во праксата се јавува дилема по однос на примена на членот 40 став (2) од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.

Со Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/05), се уредуваат начинот и постапката за распишување и спроведување на референдум, покренување граѓанска иницијатива, свикување и одржување собир на граѓани, како и други прашања од значење за непосредно изјаснување на граѓаните.

Членот 40 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните гласи:

Член 40

(1) Референдум на локално ниво не може да се распише за прашања што се однесуваат на буџетот и завршната сметка на буџетот на Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и за организацијата на општинската администрација.

2) Референдум на локално ниво не може да се распише за прашања за кои советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на советот при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинско население во Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје“.

Од цитираната одредба на член 40 став (2) од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, јасно произлегува за кои прашања советот на општината не може да распише референдум.

Со оглед на наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата е јасна и прецизна, поради што му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на член 40 став (2) од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (,,Службен весник на Република Македонија бр. 81/05), поднесено од градоначалникот на Општина Центар.

## <u>Точка 53</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 41 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), поднесено од претседателот на Советот на Општина Битола и притоа го утврди следното мислење:

Локалната самоуправа како темелна вредност на уставниот поредок е уредена во Главата V од Уставот на Република Северна Македонија. Согласно членот 114, став (1) на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа.

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) како системски закон, го уредува остварувањето на правото на граѓаните на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината, надлежностите на општината, непосредното учество на граѓаните во одлучувањето, организацијата и работата на органите на општината, општинската администрација, актите на органите, како и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Законот во членот 2 став (1) точка 4 утврдува дека под поимот „Процес на одлучување“ се подразбира збир на активности на советот кои се состојат од: дефинирање и определување на прашања кои треба да се решат; предлози и решенија; разгледување и донесување на прописи и мерки.

Согласно членот 41 од овој закон советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статутот поинаку не е определено. Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината. На седницата на советот по правило, се гласа јавно. За секоја седница на советот се води записник.

Според членот 44 од Законот членот на советот не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, дете или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес. Членот на советот е должен да го информира советот за прашањата за кои тој има финансиски или друг личен интерес. Членот на советот, не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран. Со денот на вработувањето согласно со став (3) на овој член ќе се смета дека членот на советот поднел оставка.

Според ставот (5) од овој член, членот на советот вработен во јавните служби кои ги основала општината, не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен.

Согласно членот 62 став (2) од истиот Закон советот на општината ги донесува прописите со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот, доколку поинаку не е определено со овој или друг закон.

Имајќи ги предвид наведените одредби, јасно произлегува дека советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Мнозинство гласови кое е потребно за донесување на одлуките од страна на советот зависи од видот и природата на одлуката која ја донесува советот, односно Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на советот, освен ако со закон или со статут поинаку не е одределено. Дополнително, за донесување на прописи е потребно мнозинство гласови од вкупниот број членови на совет.

При донесувањето на одлуките, бројот на гласови кои гласале за донесување на одлуката треба да се земе во сооднос со бројот на присутните членови на совет, како што е децидно уредено во членот 41 став 2 од Законот за локалната самоуправа, согласно кој советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статутот поинаку не е определено.

Во Законот не е дадена можност, членови на совет кои што не можат да учествуваат во процесот на одлучување за прашања за кои имаат конфликт на интереси, доколку се присутни на седницата да не се бројат во вкупниот број на присутни членови.

Советниците кои присуствуваат на седница (вклучително и овие кои немаат право на глас) го сочинуваат вкупниот број на присутни членови на советот присутни на седница, при што одлуките коишто ги носи советот се со мнозинство гласови од присутните членови на советот.

При вака утврдена состојба во советот, во мнозинство за работа на советот се бројат и членовите кои неможат да учествуваат во процесот на одлучување, меѓутоа одлуката се смета за донесена доколку гласале мнозинство од вкупниот број на присутни членови.

Имајќи го предвид наведеното, а со оглед дека одредбата од Законот за локалната самоуправа е јасна и недвосмислена, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 41 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), поднесено од претседателот на Советот на Општина Битола.

**Точка 54**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 44 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.5/02), поднесено од градоначалникот на Општина Велес и притоа го утврди следното мислење:

Локалната самоуправа како темелна вредност на уставниот поредок е уредена во Главата V од Уставот на Република Северна Македонија. Согласно членот 114, став (1) на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа.

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) како системски закон, го уредува остварувањето на правото на граѓаните на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината, ги уредува надлежностите на општината, непосредното учество на граѓаните во одлучувањето, организацијата и работата на органите на општината, општинската администрација, актите на органите, како и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Законот во членот 2, став (1), точка 4 утврдува дека под поимот „Процес на одлучување“ се подразбира збир на активности на советот кои се состојат од: дефинирање и определување на прашања кои треба да се решат, предлози и решенија, разгледување и донесување на прописи и мерки.

Согласно членот 41 од овој закон, советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статутот поинаку не е определено. Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината. На седницата на советот по правило, се гласа јавно. За секоја седница на советот се води записник.

Според членот 44 од Законот, членот на советот не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, дете или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес.

Членот на советот е должен да го информира советот за прашањата за кои тој има финансиски или друг личен интерес. Членот на советот, не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран. Со денот на вработувањето согласно со став (3) на овој член ќе се смета дека членот на советот поднел оставка.

Според ставот (5) од овој член, членот на советот вработен во јавните служби кои ги основала општината, не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен.

Согласно членот 62, став (2) од истиот закон, советот на општината ги донесува прописите со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот, доколку поинаку не е определено со овој или друг закон.

Имајќи ги предвид наведените одредби, јасно произлегува дека Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот.

Мнозинство гласови кое е потребно за донесување на одлуките од страна на советот зависи од видот и природата на одлуката која ја донесува Советот, односно советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, освен ако со закон или со статут поинаку не е определено. Дополнително, за донесување на прописи е потребно мнозинство гласови од вкупниот број членови на совет.

При донесувањето на одлуките, бројот на гласови кои гласале за донесување на одлуката треба да се земе во соодност со бројот на присутните членови на совет, како што е децидно уредено во членот 41 став 2 од Законот за локалната самоуправа, согласно кој советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статутот поинаку не е определено.

Во Законот не е дадена можност, членови на совет коишто не можат да учествуваат во процесот на одлучување за прашања за кои имаат конфликт на интереси, доколку се присутни на седницата да не се бројат во вкупниот број на присутни членови.

Советниците кои присуствуваат на седница (вклучително и овие кои немаат право на глас) го сочинуваат вкупниот број на присутни членови на советот присутни на седница, при што одлуките коишто ги носи советот се со мнозинство гласови од присутните членови на советот.

При вака утврдена состојба во советот, во мнозинство за работа на советот се бројат и членовите кои неможат да учествуваат во процесот на одлучување, меѓутоа одлуката се смета за донесена доколку гласале мнозинство од вкупниот број на присутни членови.

Имајќи го предвид наведеното, а со оглед дека одредбата од Законот за локалната самоуправа е јасна и недвосмислена, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на членот 44 од Законот за локалната самоуправа.

## Точка 55

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 123 точки 1 и 2 од Законот за водите, а во врска со член 6 точки 2 и 3 од Законот за

водостопанство, поднесено од градоначалникот на Општина Струга и притоа го утврди следното мислење:

Барањето за давање на автентично толкување на одредбите од член 123 ставови 1 и 2 од Законот за водите, а во врска со член 6 ставови 2 и 3 од Законот за водостопанствата, е доставено со цел утврдување на надлежноста при одржувањето и чистењето на каналската мрежа од каналите на ХМС „Струшко Поле“ за одводнување на вишокот на површински и подземни води, а кои навлегуваат во зоните опфатени со урбанистичките планови за градот Струга и општите акти за село.

Со членот 123 од Законот за водите се уредува надлежноста за заштита од штетно дејство на водите, при што во:

(1) За заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја надлежни се општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на нивното подрачје.

(2) Правните лица кои управуваат со водостопанствата од членот 191 на овој закон се надлежни за заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејство на водите во подрачјето на нивното дејствување, вклучително и уредување и одржување на коритата и каналите во нивното подрачје.

Со наведените одредби е дефинирана надлежноста на единиците на локалната самоуправа во урбаните подрачја, и на водостопанството на подрачјето на дејствување.

Во согласност со член 191 став (1) од Законот за водите зафаќањето и користењето на површинските и подземните води за потребите на наводнувањето како и одводнувањето на земјиштето се врши со хидросистеми, или системи за наводнување и одводнување. Во согласност со ставот (2) заради користење, експлоатирање и одржување на хидросистемите или системи за наводнување и одводнување се основаат водостопанства согласно со закон.

Стопанисувањето, користењето, функционирањето и одржувањето на хидросистемите, системите за наводнување и системите за одводнување, се уредуваат со Законот за водостопанство, со кој е основано Акционерско друштво во државна сопственост АД Водостопанство на Република Северна Македонија. Предметот на работа на АД Водостопанство е уреден во членот 5 во Законот, согласно кој:

АД Водостопанство ги користи, одржува и стопанисува со системите за наводнување и одводнување во целина, заради:

- снабдување со вода за наводнување;
- снабдување со вода на комунално претпријатие за водоснабдување за консумирање од страна на човекот (вода за пиење и други потреби);
- снабдување со вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби, вклучувајќи го и производството на електрична енергија;
- уредување на речни корита;
- одводнување на земјиште и
- одведување на испуштени води.

Во согласност со членот 6, со наслов обврска за наводнување и одводнување:

(1) АД Водостопанство на Република Северна Македонија врши снабдување со вода за наводнување на правни и физички лица, сопственици и/или корисници на земјоделско земјиште согласно со одредбите на овој закон.

(2) АД Водостопанство на Република Северна Македонија врши и одводнување за правни и физички лица, сопственици или корисници на земјоделско и друго земјиште, патишта и урбанизирани зони, доколку во рамките на подрачјето на дејствувањето постои и систем за одводнување.

(3) АД Водостопанство на Република Северна Македонија одводнувањето го врши, на сите површини и објекти кои припаѓаат во системот за одводнување.

(4) АД Водостопанство на Република Северна Македонија може да врши одводнување и надвор од системот за одводнување на подрачјето на дејствување врз основа на склучен договор.

Во согласност со член 21, АД Водостопанство на Република Северна Македонија врши одводнување на земјоделско и друго земјиште, објекти и инфраструктурни објекти само доколку тие се во рамки на системот за одводнување. Во согласност со член 32 од Законот за водостопанство, АД Водостопанство на Република Северна Македонија наплатува надоместок за одводнување од правни и физички лица, сопственици или корисници на земјоделско и друго земјиште, единиците на локална самоуправа и другите државни субјекти кои се сопственици или користат земјиште, или објекти, а припаѓаат во системот за одводнување со кој стопанисува АД Водостопанство на Република Северна Македонија.

Имајќи ги предвид горенаведените одредби, Владата на Република Северна Македонија смета дека надлежност за одбрана и заштита од поплави во урбаните подрачја има Општина Струга, додека АД Водостопанство на Република Северна Македонија е надлежно за заштита и одбрана од поплави надвор од урбаните подрачја. Овие одредби не се во колизија со одредбите кои се однесуваат на управување и одржување на хидромелиоративните системи за одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија, за што наплаќа надоместок од сите корисници на системот, вклучително и од општините.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за доделена државна помош за периодот јануари-декември 2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Информацијата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за доделената државна помош за 2021 година по корисник е од информативен карактер, согласно член 4-а став (13) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15 и 83/18) и по истата Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.47/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 22 став 1 од Законот за изменување и

дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/13) и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите во Иницијативата, во времето кога е креирана одредбата од членот 22 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/13), со која членот 117 став (4) по зборовите „кај истиот работодавач“ се додаваат зборовите „во кои не се засметуваат деновите на искористен годишен одмор“, суштински и содржински не постојат зборовите „кај истиот работодавач“.

Според подносителот на Иницијативата, тие зборови суштински и содржински не постојат ниту во членот 117 став (4) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), со што се нарушува начелото на владеење на правото и е во спротивност со членот 8 став 1 алинеја 3. Заради усогласување со Уставот, подносителот на Иницијативата бара да се укине оспорениот член 22 став (1) од горенаведениот Закон.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката е и владеењето на правото.

Со Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05), е утврдена содржината на членот 117, кој ја уредува прекувремената работа. Така, со ставот (1) на овој член се предвидува дека работникот е должен на барање на работодавачот да врши работа преку полното работно време (прекувремена работа):
1) во случаи на исклучително зголемување на обемот на работата;
2) ако е потребно продолжување на деловниот или производниот процес;
3) ако е нужно да се отстрани оштетување на средствата за работа, што би предизвикало прекинување на работата;
4) ако е потребно да се обезбеди безбедност на луѓето и имотот, како и безбедноста на прометот и
5) во други случаи определени со закон или колективен договор.

Со ставот (2) се утврдува дека прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени, согласно со акт на Владата на Република Македонија.

Со ставот (3) се предвидува должност за работодавачот работникот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, а неотсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината кај истиот работодавач, да му исплати покрај додатокот на плата и бонус во висина од една просечна плата во Републиката.

Ставот (4) исто така, предвидува должност за работодавачот да води посебна евиденција за прекувремената работа и часовите за прекувремената работа посебно да ги наведе во месечната пресметка наплатата на работникот.

Согласно ставот (5), ако работодавачот воведува прекувремена работа подолго од ставот (2) на овој член е должен да изврши прераспоредување на работното време или воведување на нови смени.

Ваквата подреденост на ставовите, вклучително и содржината на ставот (3) останува до 2009 година, кога со измените и дополнувањата на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09), членот 177 се дополнува со нов став (3), кој гласи :

„(3) За работниците од Министерството за внатрешни работи, кои вршат посебни должности и овластувања согласно со посебен закон, прекувремената работа може да трае подолго од 190 часа годишно, поради извршување на итни и неодложни работи, по претходно дадена писмена согласност на работникот.“ Со воведувањето на новиот став (3), ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Следната интервенција, која го тангира овој став, се случува во 2013 година, кога со членот 22 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/13), во член 117 став (4), по зборовите „кај истиот работодавач“ се додаваат зборовите „во кои не се засметуваат деновите на искористен годишен одмор“.

Оттогаш па до денес, оваа одредба не е менувана и ги содржи сите зборови како што е погоре наведено, вклучително и зборовите „кај истиот работодавач“, за кои подносителот на Иницијативата, тврди дека содржински и суштински не постоеле во моментот на донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/13). Напротив, овие зборови се дел од содржината и на основниот текст на Законот за работните односи од 2005 година и се интегрален дел од Законот, до денес.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот член 22 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/13), е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 22 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/13).

## Точка 58

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Александра Илиева-Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.48/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 во делот „на оваа уредба“, член 2 ставови 1, 2 и 3 во делот „на оваа уредба“ од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.84/22) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 1 и член 2 ставови 1, 2 и 3 во делот „на оваа уредба“, од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредна состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства од причина што подносителот на Иницијативата смета дека овие одредби се спротивни на

посочените членови од Уставот на Република Северна Македонија и Европската конвенција за човекови права.

Според подносителот, оспорената законска одредба не е во согласност со темелните вредности на Уставниот поредок, а тоа се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Исто така, оспорените одредби не биле во согласност и со членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија според кој, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Потоа, оспорените одредби не биле во согласност и со членот 29 од Уставот, со кој се уредува условот за екстрадиција на странци (ратификуван меѓународен договор и начело на реципроцитет) и 98 според кој судовите судат и врз основа на меѓународни договори.

Во образложението на Иницијативата, подносителот го цитира и членот 1 од Конвенцијата за принудна работа од 1930 година според која се забранува употреба на принудна или задолжителна работа во сите нејзини форми во нај краток можен рок. Под терминот „принудна или задолжителна работа“ согласно членот 2 од Конвенцијата се подразбирала секаква работа или служба што се спроведува од лице со закана од казна, и за која наведеното лице не се пријавило доброволно.

Оспорените одредби биле спротиви и на членот 6 од Европската конвенција за човекови права со која, се гарантира право на фер судење како и членот 17 со кој се забранува злоупотреба на правата, потекло по раѓање или кој и да е друг статус. Во членот 6 од Европската конвенција за човекови права било утврдено, правото на правична судска постапка.

Подносителот на преставката укажува дека со оспорените одредби настанал правен вакум во периодот од прогласувањето на вонредната состојба на 18.3.2020 година до донесувањето на цитираната Уредба на 30.3.2020 година кога настанало дерогирање на правото на фер судење, бидејќи на група граѓани им било ограничено движењето со низа препораки и биле оневозможени да дојдат или вложат правен лек за време на траењето на вонредната состојба бидејќи не биле опфатени со Уредбата, бидејќи истата не важела од денот на стапувањето во сила на вонредната состојба.

Поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот, како и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите. По однос на наведеното, се укажува дека со оспорената одредба не се врши повреда на темелните вредности бидејќи со истата не се загрозуваат признаените слободи и права, ниту пак се повредува системот на владеење на правото.

Подносителот на иницијативата пропуштил да го цитира членот 54 од Уставот на Република Северна Македонија со кој се предвидува можност за ограничување на слободите и правата на човекот и граѓанинот само во случаи предвидени со Уставот, односно во случај на прогласување на воена или вонредна состојба.

При тоа ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално и социјално потекло имотна или општествена положба. Според наведеното оспорените одредби на Уредбата не се во спротивност со членот 9 од Уставот.

Во Република Северна Македонија, согласно член 125 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, поради неможноста на Собранието како надлежен орган за прогласување на вонредна состојба да се состане, од страна на претседателот на Република Северна Македонија, донесени се две последователни одлуки за утврдување на постоење на вонредна состојба заради заштита и спречување со последиците од коронавирусот COVID 19, првата на ден 18.3.2020 година и втората на ден 16.4.2020 година, а во моментот кога Собранието ќе биде во можност да се состане ќе му бидат поднесени на потврдување, согласно член 125 став 4 од Уставот.

Понатаму според членот 126 од Уставот при постоење на воена или вонредна состојба Владата во согласност со Уставот и со закон донесува уредби со законска сила. Овластувањето на Владата да донесува уредби со законска сила трае до завршувањето на воената или вонредната состојба, за што одлучува Собранието.

Со уредба со законска сила, при постоење на вонредна состојба, Владата може да регулира поинаку одредени прашања коишто се уредени со важечки закони, може да одредува нови рокови, може да ги менува постојните и да носи нови решенија. Но, ваквите овластувања се ограничени. Имено, Уставот има две уставни ограничувања на овластувањето на Владата да носи уредби со законска сила. Првото е, уредбите да уредуваат неопходни мерки коишто се во функционална врска со директно или индиректно соочување и надминување на причините и последиците од вонредната состојба, со водење сметка мерките да имаат легитимна цел, општествена оправданост, да бидат разумни и пропорционални во светло на што побрзо враќање во редовна состојба (со што во суштина ќе бидат задоволени членовите 125 и 126 од Уставот). Второто ограничување е уредено во членот 54 од Уставот, чиешто задоволување бара ограничувањето на слободите и правата во вонредна состојба да не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Во вонредна состојба не може да се ограничат правото на живот, забраната на мачење, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата и вероисповеста. Со донесената уредба законодавецот целосно ги почитува поставените уставни ограничувања на овластувањето за носење на уредби со законска сила.

Со оспорената одредба од членот 1 и 2 од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредна состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.84/20), се оспорува фактот што престанокот на течењето на роковите се врзува со денот на стапување во сила на Уредбата, а не со денот на прогласувањето на вонредната состојба.

Исто така, да се има предвид и членот 52 став 4 од Уставот според кој законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните. Владата на Република Северна Македонија смета

дека во конкретниот случај законодавецот не можел да ја оцени поволноста на одредбите за сите граѓани.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да ја отфрли Иницијативата и да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 1 и член 2 став 1 , 2 и 3 во делот „на оваа уредба“ од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредна состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.84/22), односно да донесе Решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овие членови од Уредбата.

**<u>Точка 59</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за преземање мерки за решавање на проблемите со кои се соочуваат неевидентираните лица во матичната книга на родените, а во врска со неможноста да ги остваруваат правата утврдени во Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи, како надлежни органи за вршење надзор врз спроведувањето на одредбите од Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, да покажат проактивен однос и заложба за ефикасна имплементација на истиот.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика до 31 јули 2022 година да достави Предлог на закон за изменување на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, со цел продолжување на рокот на важење на Законот за најмалку една година.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви изменување на Законот за матичен број, а Министерството за труд и социјална политика да подготви изменување на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, со воведување на дополнителен евидентен број или посебен матичен број кој по својата структура не одговара на единствениот матичен број на граѓанинот, со што ќе се овозможи неевидентираните лица да се интегрираат во системот, односно непречено да го остваруваат правото на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување.

4. Се задолжуваат ресорните министерства да ги усогласат законите од областа на образование, здравствена заштита и здравствено осигурување, социјална заштита и вработување со задолжително социјалното осигурување, со Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, со што ќе се овозможи непречено остварување на четирите права од Законот, но и други права кои се тесно поврзани, а кои постојниот Закон не ги препознава, како што е правото на ученички стипендии, додаток за образование, посебен додаток, надоместоци за попреченост, пријавување како невработено лице во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

5. Се задолжуваат надлежните институции на поинтензивна соработка со граѓанските здруженија со цел проактивен пристап при лоцирање на неевидентирани лица, нивно идентификување, вклучувајќи спроведување на теренски посети, јавни кампањи или друго информирање и соодветно информирање на засегнатите лица кои сè уште не поднеле барање.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи најитно да изнајде решение за надградба на постојниот интегриран систем (софтверско решение) кое ќе овозможи препознавање на посебниот евидентен број од Изводот од посебната матична книга на родените и идентификационата исправа, а со тоа и можност за непречено остварување на правата во горенаведените области.

7. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Управата за водење на матичните книги и другите надлежни институции да покажат проактивност, ажурност и флексибилност во постапувањето, со почитување на пропишаните рокови, повисоко ниво на меѓусебно координирање, се со цел конечно да се реши долгогодишниот проблем со правно невидливите лица во државата.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Данче Шеримова од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10338, за КО Доброшинци-Вонград на КП бр.851 викано место/улица Црвенка и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лорија Ваневска од Куманово за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 76602, за КО Куманово, на КП бр. 20294, викано место/улица Моша Пијаде и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симона Николиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1850 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр. 7191 викано место/улица Вангел Дину, Имотен лист бр.3206 за Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.7183 викано место/улица Корушка и Имотен лист бр.104140 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.7192/3 викано место/улица Вангел Дину и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Армир Садику од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 103942, за КО Тетово 2, на КП бр. 4829, викано место/улица Град Тетово и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.209 за КО Бардовци на КП бр.1655 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 65

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.1915, КП бр. 20/1, Имотен лист бр.960218, КП бр. 18/1, Имотен лист бр.65012, КП бр.121/2, Имотен лист бр.15011, КП бр.119/2 и Имотен лист бр.958523, КП бр.17/2 за КО Чаир, викано место Чаир и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 66

Владата го разгледа Известувањето од извршител Катерина Кокина од Скопје, под И.бр.1183/2022 за Налог за извршување врз недвижност запишана во Имотен лист бр. 7636, КО Кисела Вода 2, КП бр.1711 и Имотен лист бр. 3448, КО Карпош, КП бр.3620 и по истото го усвои Мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето од Министерството за финансии-Управа за јавни приходи.

## Точка 67

1. Владата на Реџеп Реџепи, разрешен од должноста вршител на должноста директор на КПУ Казнено-поправен дом Идризово со отворено Одделение во Велес, му утврди право за остварување плата по престанок на функцијата за време од 6 месеци, сметано од 28 јуни 2022 до 28 декември 2022 година.

2. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Национален парк Маврово-Маврови Анови-претставници на стручниот орган поради истек на мандатот, ги разреши:

- Цане Петрески и

- Зафкет Веапи.

2.1. Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Национален парк Маврово Маврови Анови-претставници на стручниот орган, ги именува:
- инж. Велко Лазаревски и

- инж. Зафкет Веапи.

3. Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија (со која се менува коефициент за пресметување на плата на директорот на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија).

4. Владата го разреши Илир Сулејмани од должноста член на Управниот одбор на ЈП за берзанско работење Агро -Берза-Скопје, поради истек на мандатот.

4.1. Владата го именува Илир Сулејмани за член на Управниот одбор на ЈП за берзанско работење Агро-Берза-Скопје.

5. Владата го разреши Менсур Ибраими од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, поради истек на мандат.

5.1. Владата го именува Менсур Ибраими за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија.

6. Владата ја разреши Зора Дамјанова од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“-Битола.

6.1. Владата ја именува Билјана Палашовска за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух„Кочо Рацин“-Битола.

7. Владата го разреши Теодор Тодоровски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола, поради истек на мандат.

7.1. Владата го именува Теодор Тодоровски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“- Битола.

8. Владата го разреши Аднан Ејуп од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје.

8.1. Владата го именува Сафет Рамадани за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје.

9. Владата го разреши Фатмир Буши од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, поради истек на мандат.

10. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје, да го избере Мајан Вејсели, за член на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје и да го именува за претседател на Управниот одбор кој носи назив генерален директор.

11. Владата заклучи да се измени Заклучокот од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јуни 2022 година, под точка 74-Кадровски прашања, со кој „Се задолжува Министерството за правда согласно Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), да објави јавен оглас за искажување на интерес за учество во Националниот совет за медијација, за избор на членови на Националниот совет за медијација“ и истиот да гласи:

Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, согласно Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), да објави јавен оглас за искажување на интерес за учество во Националниот совет за медијација, за избор на членови на Националниот совет за медијација.

## Точка 68

1. Владата го задолжи Државниот пазарен инспекторат во наредните седум дена да направи вонреден инспекциски надзор на сите трговци со пелети, да ја утврди продажната цена, капацитетите и достапните количини на пелети на пазарот и на наредната седница да ја информира Владата за ова.

2. По повод укажувањето на м-р Беким Сали, министер за здравство, дека според податоците од Управата за хидрометеоролошки работи, во следните четири дена (од 21 до 24 јули 2022 година, четврток до недела), територијата на целата држава ќе биде зафатена од високи температури-портокалова фаза, Владата ги донесе следните препораки:

   - Ослободување од работните обврски на најранливите групи население, како што се бремените жени, хронично болните лица и лицата на возраст над 60 години.

   - Во установите за згрижување на децата (градинки) да не се практикува физичка активност и да не се изнесуваат децата на отворено во периодот од 11 до 17 часот.

   - Единиците на локалната самоуправа, Црвениот крст и центрите за социјални работи во регионите зафатени со топлотниот бран да пружаат помош на осамени, стари, изнемоштени лица и бездомници.

   - Со оглед на фактот дека одредени ризични производни и технолошки процеси може да претставуваат дополнителен ризик по здравјето на изложените работници, се препорачува на работодавците за почитување на на обврската и законските прописи од оваа област.

   - Со цел заштита од директна сончева изложеност на работниците потребно е соодветно организирање на работното време со избегнување престој на отворено во периодот од 11 до 17 часот.

   Истовремено Владата, заклучи:

   - Државните органи и јавните претпријатија и установи, да ги почитуваат препораките.

   - Се препорачува на приватниот сектор да го организира работното време со цел заштита од директна сончева изложеност на работниците, избегнување престој на отворено во периодот од 11 до 17 часот.

   Оваа мерка да биде со времетраење од четири дена, до натамошно одлучување.

   - Работното време во градинките да се организира во периодот од 7 до 17 часот, да не се изнесуваат децата на отворено по 11 часот.

- Сите правни субјекти кои вршат активности на отворено да ги запрат активностите во периодот од 11 до 17 часот. Ова особено се однесува на градежните работници.

Исто така, населението во целиот летен период потребно е да ги почитува следните општи мерки за заштита на здравјето како што се:

- Во текот на екстремно топли денови да се остане повеќе во затворени простории (пред се климатизирани), а при неопходен престој на отворен простор во овој период, да се најде можност за почести одмори под сенка.

- Да се носи светла и лесна облека, а при директна изложеност на сонце носете заштитни очила и капа, а при сончање да се користи крем со висок заштитен фактор.

- Да се внесува помало количество храна, претежно овошје и зеленчук, а помалку мрсна храна.

- Да се внесуваат големи количества течности, најдобро обична вода за пиење, а да се избегнуваат алкохолните пијалаци.

- При влегување во возило, потребно е тоа одреден период да се проветри.

- Хронично болните лица редовно да ја земаат пропишаната терапија, во консултација со матичните лекари.

Поради високите температури и зголемената можност за појава на труењата со храна и цревни заразни заболувања, се препорачува:

- Задолжително миење на земјоделско-градинарските производи (свеж зеленчук и овошје) пред нивната употреба.

- Термичка подготовка на храната и нејзино консумирање во многу краток рок по подготовката. Ако тоа не се направи, така подготвената храна да се стави во фрижидер на + 4 степени Целзиусови, а пред употребата истата да се загрее на + 100 степени.

- Да се избегнуваат производи кои термички не се обработени како мајонези од домашни јајца, а внимателно да се конзумира сладолед и разни кремови.“

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во поддршка на гасење на пожари во Република Грција, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во поддршка на гасење на пожари, во Република Грција, со заклучок текстот на истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерство за одбрана-Генералштабот на Република Северна Македонија, да го преземе сите потребни мерки и активности за координација со властите во Република Грција, во врска со поддршката при гасењето на пожарите.

4. Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучокот од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јули 2022 година, Прашања и предлози, во однос на високите температури-портокалова фаза, доставено од Министерството за здравство, го прифати и притоа заклучи:

   1) Рокот за важење на препораките да биде до 27 јули 2022 година (среда).

   2) Првата препорака да се измени и да гласи:

   - Ослободување од работните обврски на најранливите групи население, како што се бремените жени и лицата на возраст над 60 години.

5. Владата по повод информирањето на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Славица Грковска, во врска со изготвувањето на анализа за унапредување на транспарентноста и отчетноста на имателите на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер, заклучи:

   1) Се укажува на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер да побара од сите иматели на информации да направат листа на најчесто побарувани податоци согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во период од 1.1.2020 година до 30.06.2022 година со исклучок на веќе објавените податоци согласно член 10 од истоимениот закон и да ги достават во рок од 15 дена до Агенцијата.

   2) Се укажува на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер откако ќе ги сублимира сите пристигнати податоци, а најдоцна до 1.9.2022 година да ги достави до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за политики на добро владеење.

6. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 30 јуни 2022 година до 6 јули 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

7. Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 9 ноември 2021 година до 9 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

8. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 7 јули 2022 година до 13 јули 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот во модернизација на ИТ системи во Министерството за внатрешни работи, како предуслов за размена на веб-сервиси, за период од мај 2019 до мај 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување бесправна сеча на шуми во период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи заклучокот, донесен на Петнаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20 септември 2011 година, во т.113, Прашања и предлози, со кој е задолжено Министерството за внатрешни работи квартално да ја информира Владата за активности за спречување бесправна сеча на шуми.

**Точка 71**

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2021 година на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведен надзор над работата на општините за спроведување на законите од областа на животната средина во 2021 година, со дадени препораки за подобрување заради заштита на животната средина, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола (Сметка за средства од Фондот 737 и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), како материјал за информирање, со заклучок Министерството за здравство да ја задолжи Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје-Битола, да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и

ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола (Сметка за средства од Фондот 737 и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)) и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 74**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот јануари-март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работа на М-НАВ А.Д.-Скопје за периодот јануари-март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Институт за стандардизација на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрени средства согласно Одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, бр. 41-3162/1 од 5 април 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за основање на трговски друштва: Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност производство на топлинска енергија, Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност снабдување со топлинска енергија за подрачјето на Град Скопје и основање на Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за подрачјето на градот Битола, Новаци и Могила, чиј основач и единствен содружник ќе биде АД ЕСМ-Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје да спроведе постапка за основање на трговски друштва и тоа: Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност производство на топлинска енергија, Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност снабдување со

топлинска енергија за подрачјето на Град Скопје, чиј основач и единствен содружник ќе биде АД ЕСМ-Скопје.

2. Новооснованите друштва основани од АД ЕСМ-Скопје кои ќе вршат енергетски дејности на подрачјето на Град Скопје, да се јават во постапката за избор на вршител на енергетска дејност кој што ќе има обврска за обезбедување на јавната, односно универзалната услуга која ја спроведува Владата.

3. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје да спроведе постапка за основање на Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице за вршење енергетска дејност производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за подрачјето на градот Битола, Новаци и Могила, чиј основач и единствен содружник ќе биде АД ЕСМ-Скопје.

Истовремено, Владата заклучи Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје да подготви и за наредна седница на Владата да достави информација со детален извештај за нето парични текови до крајот на годината и биланси на состојба за постојните и идните компании.

**Точка 80**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за укинување на увозната давачка-царинската стапка за увоз на масло од сончоглед за јадење, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки и ја донесе Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 82**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за исплата на пензии за јуни 2022 година, со оглед дека истата е разгледана на 54-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јуни 2022 година.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на Лиценцата за снабдување со топлинска енергија и неопходни предлог-мерки за обезбедување на јавната услуга, снабдување со топлинска енергија, согласно член 51 став (1) од Законот за енергетика* и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на вршителот на енергетската дејност, кој побарал престанување на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, Друштвото за снабдување со топлинска енергија Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, до издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија на новиот вршител на дејност, избран по спроведена постапка за избор на нов вршител на енергетска дејност, да ги спроведува сите мерки наведени во оваа информација.

2. Се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија да го применува Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги при утврдување на регулираниот максимален приход и тарифа за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија врз основа на поднесено барање од страна на Друштвото за снабдување со топлинска енергија Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, се до денот на влегување во сила на Одлуката за издавање на лиценца на новиот вршител на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија, избран по спроведена постапка за избор на нов вршител на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија, којшто ќе има обврска за обезбедување на јавната услуга снабдување со топлинска енергија, согласно член 51 став (2) од Законот за енергетика*.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да формира работна група која ќе ја спроведе постапката за избор на нов вршител на енергетска дејност снабдување на топлинска енергија, со претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија и Министерството за финансии.

4. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија и Министерството за финансии, во рок од три дена да достават номинација на член и заменик-член до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, при што претседателот на Комисијата да биде од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија редовно да ја информира Владата за текот на спроведувањето на постапката за избор на нов вршител на енергетска дејност снабдување на топлинска енергија.

6. Се задолжува Министерство за финансии-Биро за јавни набавки да даде мислење по однос на спроведувањето на постапката за избор на нов вршител на енергетска дејност снабдување на топлинска енергија, од аспект на одредбите на Законот за јавни набавки.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на Лиценцата за производство на топлинска енергија и предлог неопходни мерки за обезбедување на јавна услуга, согласно член 51 став (1) од Законот за енергетика* и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува вршителот на енергетската дејност, кој побарал престанување на Лиценцата за вршење на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, Друштвото за производство на топлинска енергија Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје до издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија на новиот вршител на дејноста, избран по спроведена постапка за избор на нов вршител на енергетската дејност, да ги спроведува сите мерки наведени во оваа информација.

2. Се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија да го применува Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги при утврдување на регулираниот максимален приход и тарифа за вршење на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија врз основа на поднесено барање од страна на Друштвото за производство на топлинска енергија Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, се до денот на влегување во сила на Одлуката за издавање на лиценца на новиот вршител на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија, избран по спроведена постапка за избор на нов вршител на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија којшто ќе има обврска за обезбедување на јавната услуга регулирано производство на топлинска енергија, согласно член 51 став (2) од Законот за енергетика*.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да формира работна група која ќе ја спроведе постапката за избор на нов вршител на енергетска дејност производство на топлинска енергија, во која ќе членуваат претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија и Министерството за финансии.

4. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија и Министерството за финансии, во рок од три дена, да доставaт номинација на член и заменик-член до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, при што претседателот на Комисијата да биде од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија редовно да ја информира Владата за текот на спроведување на постапката.

6. Се задолжува Министерство за финансии- Биро за јавни набавки да даде мислење по однос на спроведувањето на постапката за избор на нов вршител на енергетска дејност производство на топлинска енергија, од аспект на одредбите на Законот за јавни набавки.

**Точка 85**

Владата го разгледа Известувањето од Надзорниот одбор на М-НАВ АД Скопје за голема зделка, со прилози и Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на голема зделка преку задолжување на Друштвото и обезбедување со меници, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на имплементација на ИПА проектите предвидени со Акциската програма за образование, вработување и социјална политика 2017 година, како и за потребата од зајакнување на капацитетите на ИПА структурата во Министерството за образование и наука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува министерот за образование и наука итно да назначи нов ИПА координатор, согласно член 10, став 1 од „Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на системот за индиректно управување со инструментот за претпристапна помош ИПА".

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, во најкраток можен рок, а најдоцна до 25 јули 2022 година да ја адаптира просторијата во која треба да биде доставена опремата која е предмет на набавка во рамки на Договор за набавка: ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации" бр.12-7547/1, во спротивно ќе се смета дека контракторот ги исполнил договорните одредби и ќе биде издаден сертификат за времено прифаќање на опремата.

3. Доколку Министерството за образование и наука не ја адаптира просторијата во горенаведениот рок, се задолжуваат Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори и Министерството за образование и наука да издадат сертификат за времено прифаќање на опремата со тоа што ризикот и финансиските импликации за неможноста да се инсталира опремата на предвидената локација, ќе го преземе Министерството за образование и наука, како институција корисник.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука, по прифаќање на набавената опрема во рамки на Договорот за набавка: ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации", истата да ја стави во функција, со цел да се обезбеди одржливост на проектот, во спротивно доколку не се обезбеди функционалност на опремата, евентуалните финансиски импликации од ризикот за губење на ИПА средствата кои се искористени за овој проект ќе бидат на товар на Буџетот на Министерството за образование и наука.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука најдоцна до 25 јули 2022 година да ја информира Владата за статусот на имплементација на договорите предвидени со Акциската програма за образование, вработување и социјална политика 2017 година, како и за планираните активности за зајакнување на капацитетите на ИПА структурата во Министерството за образование и наука.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот за објектите на граничен премин Клепало кои се наоѓаат на КП бр.12948, КП бр.12954 и КП бр.12955 во КО Берово-вон град, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и предлагачот да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата во врска со движењето на цената на природниот гас и влијанието врз цената на топлинската енергија за греење во Градот Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија во рок од 7 дена да одржи состанок со претставници од Министерството за финансии, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Стопанската комора на Северна Македонија и Македонската енергетска асоцијација (МЕА), на кој ќе се разгледаат сите различни аспекти и можни решенија за да се обезбеди соодветен енергенс неопходен за функционирање на системот за топлинска енергија во следната грејна сезона што започнува на 15.10.2022 година и за исходот веднаш да ја информира Владата.

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности согласно задолжението од Педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2022 година, Државното правобранителство на Република Северна Македонија заедно со Министерството за финансии да ги преземат потребните активности согласно закон, за запирање, одлагање, прекин или повлекување на Барањето за извршување против заложниот должник Веве гроуп-Скопје, до завршување на судската постапка по тужбата на заложниот должник Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги Веве гроуп ДОО Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија како законски застапник на интересите на Министерството за финансии во постапката за извршување кон заложниот должник Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги Веве гроуп ДОО Скопје да ги преземе сите потребни активности согласно закон, за заштита на интересите на Министерството за финансии и за избегнување на дополнителни фискални импликации во постапката по Буџетот на Република Северна Македонија.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на Лиценцата за дистрибуција на топлинска енергија и неопходните предлог-мерки за обезбедување на јавната услуга дистрибуција на топлинска енергија, согласно член 51 став (1) од Законот за енергетика* и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува вршителот на енергетската дејност, кој побарал престанување на Лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, до издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на новиот вршител на дејност, избран по спроведена постапка за избор на нов вршител на енергетската дејност, да ги спроведува сите мерки наведени во оваа информација.

2. Се препорачувана Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија да го применува Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги при утврдување на регулираниот максимален приход и тарифа за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија врз основа на поднесено барање од страна на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, се до денот на влегување во сила на Одлуката за издавање на лиценца на новиот вршител на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија, избран

по спроведена постапка за избор на нов вршител на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија којшто ќе има обврска за обезбедување на јавната услуга дистрибуција на топлинска енергија, согласно член 51 став (2) од Законот за енергетика*.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да формира работна група која ќе ја спроведе постапката за избор на нов вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, со претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија и Министерството за финансии.

4. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија и Министерството за финансии во рок од три дена да достават номинација на член и заменик- член до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, при што претседателот на Комисијата да биде од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија редовно да ја информира Владата за текот на спроведување на постапката.

6. Се задолжува Министерството за финансии-Биро за јавни набавки да даде мислење по однос на спроведувањето на постапката за избор на нов вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, од аспект на одредбите на Законот за јавни набавки.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за ограничување на извозот на огревно и необработено дрво и ја донесе Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата во врска склучување на договори за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со Еко тера ДОО Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија да подготви и во рок од 30 дена да ги достави за одобрување до Владата, како концедент, договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локациите бр.158 Кадина Река, бр.351 Зрновска Река, бр.353 Зрновска Река и бр.373 Ештеричка Река, во кои ќе бидат уредени роковите за почеток со комерцијална работа и периодот за кој се доделува концесијата и тоа:

- За локација бр. 353 Зрновска Река, рокот за почеток со комерцијална работа да биде 21 месец од ефективниот датум на договорот за концесија, а периодот за

доделување на концесијата да изнесува 21 година и 9 месеци од ефективниот датум на договорот за концесија ;

- За локација бр. 351 Зрновска Река, рокот за почеток со комерцијална работа да биде 25 месеци од ефективниот датум на договорот за концесија, а периодот за доделување на концесијата да изнесува 22 година и 1 месец од ефективниот датум на договорот за концесија;

- За локација бр. 158 Кадина Река, рокот за почеток со комерцијална работа да биде 36 месеци од ефективниот датум на договорот за концесија, а периодот за доделување на концесијата да изнесува 23 години од ефективниот датум на договорот за концесија;

- За локација бр.373 Ештеричка Река, периодот за доделување на концесијата да изнесува 16 години и 9 месеци од ефективниот датум на Договорот за концесија.

2. Се задолжува Министерството за економија, договорите за концесија за локациите бр.353 Зрновска Река и бр.158 Кадина Река да ги уреди според изменетото техничко решение, согласно Извадокот од Нацрт-записникот од 41-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5 декември 2017 година.

## Точка 93

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за јули 2022 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 26.7.2022 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со јулските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 27.7.2022 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

-За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 27.7.2022 година (среда);

-За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 28.7.2022 година (четврток);

-За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 29.7.2022 година (петок), и

-За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 1.8.2022 година (понеделник).

**Точка 94**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање-Петти чекор во процесот во 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да го достави до Владата на Република Северна Македонија за усвојување Концептот за поддршка на земја домаќин, најдоцна до 31 јули 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да подготви Предлог на закон за вработените во Министерството за одбрана и до 1 октомври 2022 година да го достави до Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да го достави до Владата за одобрување ажурираниот Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2022-2031 заедно со ревидираниот План за опремување и модернизација, најдоцна до 31 август 2022 година.

4. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за стоковни резерви, Агенцијата за храна и ветеринарство, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерство за финансии-Царинската управа, Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, а се укажува на Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Друштвото за трговија и услуги „ТАВ-Македонија“ ДООЕЛ, ЈП за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“, ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о, АД во државна сопственост за вршење на дејноста и давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД Скопје, ЈП „Водовод и канализација“, АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост“-Скопје, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО -Скопје во државна сопственост и ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, да номинираат до Центарот за управување со кризи по еден претставник за член на меѓуресорската работна група од точка 5, најдоцна до 31 август 2022 година.

5. Се задолжува Центарот за управување со кризи, како носител на делот Градење на отпорност, Цивилна подготвеност и на Седум основни побарувања (Seven Baseline Requirements), да формира меѓуресорска работна група за имплементација на препораките на НАТО, да обезбеди следење на принципот-„сеопфатен владин пристап“ и да ја информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и напредокот, најдоцна до 31 октомври 2022 година.

6. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување да ги усогласи националните процедури за стабилизација и реконструкција со НАТО

стандардите во овој домен и да и предложи на Владата на Република Северна Македонија соодветно решение, најдоцна до 30 септември 2022 година.

7. Се задолжува Министерството за одбрана да продолжи на национално ниво да ги координира активностите кои произлегуваат од НАТО Процесот на одбранбено планирање за Република Северна Македонија и согласно претходно денесена одлука редовно да ја информира Владата (јануари и јуни) за постигнатиот напредок, како и за обврските и задолженијата на сите инволвирани институции во овој процес.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, средствата да бидат во рамките на предвидените буџетски средства на Министерството за одбрана за соодветната фискална година.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на План за изменување на Годишниот план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2022 година, со Предлог-планот за изменување на Годишниот план, ја усвои Информацијата и го донесе Планот за изменување на Годишниот план за склучување на договори за набавки на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2022 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, средствата да бидат во рамките на предвидените буџетски средства на Министерството за одбрана за соодветната фискална година.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности во врска со сторијата на Истражувачката лабораторија, емитувана на програмата на Македонската телевизија, на 17 јули 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за проблемите со водоснабдувањето на населените места приклучени на кракот кон РЕК Осломеј бр.03-1131/1 од 18.7.2022 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да престане со производство на електрична енергија во РЕК Осломеј, во период од 21.7.2022 година до 31.7.2022 година, заради обезбедување на соодветни количини на вода за населените места приклучени на кракот кон РЕК Осломеј.

2. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, во соработка со ЈП за водоснабдување Студенчица-Кичево, ЈП за комунални дејности Комуналец-Кичево и Општина Кичево да подготви и до Владата да достави информација за преземените мерки и активности во минатата година во однос на подобрување на водоснабдувањето во овој регион, како и анализа на загубите на вода и состојбата на пумпите за испумпување на вода.

Истовремено, Владата му укажа на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, да започне со инвестирање за долгорочно решавање на проблемот со водоснабдување во целиот регион.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:45 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**